Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје
**М А Ш И Н С К И  Ф А К У Л Т Е Т – Скопје**

## ЕКСПЕРТСКИ ФОРУМ

Во организација на Машинскиот факултет (Катедрата за индустриско инженерство и менаџмент) и Фондацијата Конрад Аденауер (која ја пружи неопходната финансиска поддршка), во просториите на Ректоратот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на 11.11.2009 беше организиран 11. Експертски форум под наслов: Европска економска интеграција: ИПА инструментите за стимулација на економската транзиција и поддршка на пазарната економија, посветен воглавно за малите и средни претпријатија. Основен мотив и содржина на форумот беше запознавање со ИПА-инструментите за финансиска поддршка од страна на Европската Унија кои делумно се веќе достапни за Р. Македонија.



Токму затоа, свои излагања имаа соодветни стручни лица од министерствата (за економија, за финансии, за земјоделство, шумарство и водостопанство), како и поканети експерти од Словенија и Бугарија кои изнесоа свои знаења и искуства од вакви слични инструменти и проекти што тие ги имале пред својот влез во ЕУ.

## СЕМИНАР

Во организација на Алумни здружението на учесници на курсеви во Јапонија (МАК-ЈАМС) на 30. и 31. октомври 2009 година во просториите на Машинскиот факултет беше организиран семинар на тема "Управување со проектен циклус". Семинарот беше наменет за лица кои аплицираат, менаџираат, евалуираат или вршат мониторинг на разни проекти. Одзивот беше многу голем, а меѓу учесниците имаше и неколку студенти кои сакаа подобро да ја запознаат оваа многу корисна методологија.



## ПОСЕТА

Во посета на Машинскиот факултет беше делегација од EvoBus, австриски производител на автобуси, членка на Daimler групацијата, со индустриски капацитети во повеќе држави, во и надвор од Европа. Како потенцијален странски инвеститор, тие беа заинтересирани за капацитетите на Машинскиот факултет и можностите за понатамошна соработка. Делегацијата беше примена од продеканот за наука и меѓународна соработка со кои изврши обиколка низ кампусот на Машинскиот факултет, а Институтот за МКММВ изврши кратка презентација.

## ПОСЛЕДИПЛОМСКИ И ДОКТОРСКИ СТУДИИ

Во изминатиов период, на Машинскиот факултет, магистерската теза ја одбрани м-р Марјан Џидров, а докторската теза, успешно ја презентираше и одбрани д-р Елениор Николов.

**ЧЕСТИТАМЕ !**

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец ноември 2009 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Проф. д-р Петар Симоновски и асс. м-р Александар Костиќ остварија службено патување во Солун заради присуство на ANSYS FEA тренинг семинар.
2. Проф. д-р Славе Јакимовски и проф. д-р Марјан Гаврилоски на службено патување во Словенија во рамки на активностите поврзани со реализацијата на договор за техничка контрола на опрема за ХЕЦ "Св. Петка".
3. Проф. д-р Александар Ношпал и проф. д-р Валентино Стојковски остварија службено патување во Р. Србија со цел нивно учество на меѓународен симпозиум.
4. Проф. д-р Лазе Трајковски на службено патување во НР Кина заради стручно усовршување.
5. Проф. д-р Радмил Поленаковиќ на службено патување во Солун, Р. Грција заради учество на меѓународна конференција.
6. Проф. д-р Валентино Стојковски оствари службено патување во Вилнус, Р. Литванија во рамки на регионална конференција.
7. Проф. д-р Ѓорѓи Аџиев оствари службено патување во Р. Србија и Р. Хрватска во рамки на реализација на заеднички проекти со Машинските факултети во Белград и Славонски Брод.
8. Проф. д-р Предраг Поповски реализира службено патување во Р. Словенија.
9. Проф. д-р Атанас Кочов на службено патување на Малта во рамки на активностите поврзани со Европската комисија и посета на Европскиот истражувачки центар.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**08.12.2009**
**Св. Климент Охридски**

**24.12.2009**
**15 СЕДНИЦА НА ННС**

**Техничко уредување:**

Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.

**Година 2009, ноември, број 85**

***ФАКУЛТЕТСКИ***

***ИНФОРМАТОР***

## ЕКСКУРЗИЈА

На 14 Ноември од страна на Машинскиот факултет беше организирана екскурзија во чии рамки вработените беа во можност да ги посетат познатите водопади во Смоларе и Колешино во близина на Струмица. Амбиентот на нескротена природа остави силен впечаток на посетителите кои го искористија убавото време вистински да уживаат на чистиот воздух. По посетата на водопадите, излетот продолжи во Дојран во одлично расположение.

